РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-381/2
12-06-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 33 – та седница одржана на 11.06.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по оформен предмет со бр. 09-780/1 од 18.02.2025 година, по поднесена пријава против лицето ----------- , член на Управен одбор на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на РСМ, **СЕ ЗАПИРА.**
ДКСК утврди дека наводите од пријавата се потврдуваат, прекршени се одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и по спроведена постапка за порамнување согласно со одредбите од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси и Законот за прекршоците, ДКСК нема елементи за натамошно постапување.
Оваа одлука во деперсонализирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број бр. 09-780/1 од 18.02.2025 година е оформен врз основа на пријава од непознат подносител во која се изнесуваат наводи за неспојливост на функции кај лицето -----------, вработена во Министерството за финансии, но извршува функција на претседател на Управен одбор во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на РСМ како и извршување на функциите: член на Комисијата на Интегриран информциски систем со финансии – ИФМИС, член на Комисија за

денационализација, член на Училишен одбор во СУГС ----------- Скопје, управител на правното лице ----------- ДООЕЛ како и член на Советот во општина -----------.
При проверка во Дистрибутивниот систем на Централниот регистар во Тековната состојба за правното лице Друштво за производство, трговија, управување и услуги ----------- ДООЕЛ Скопје како управители на друштвото се лицата -----------и ----------- ( сопруг ) додека како сопственик е само лицето -----------.
Заради проверка на наводите од пријавата и утврдување на фактичката состојба, Државната комисија се обрати до сите релевантни институции и прибираше документација по што го утврди следното:
Лицето ----------- е вработена во Министерството за финансии на определено време сметано со Договор за вработување бр. 04-7980/1 од од 16.08.2024 година до 17.08.2025 годна на работно место Виш соработник за организациони работи и интерна комуникација, Одделение за подршка на работа на министерот, заменик министерот и државниот секретар, Сектор Кабинет на министерот.
Со Решение за формирање на состав на Работно тело за имплементација на Интегрираниот информациски систем за управување со јавни финансии бр.20-9309/1 од 20.09.2024 година е назначена за заменик претседател на Комисијата. Со Решение за формирање на Комисија за координација на работата на комисии што одлучуваат по барањата за денационализација бр. 03-8065/1 од 20.08.2024 година лицето ----------- е назначено за член на Комисијата.
Понатаму, лицето ----------- со Решение бр. 14-8271/1 од 03.09.2024 година е именувано за член на Управниот одбор на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија ц.о. Скопје од страна на Владата на Република Северна Македонија, ( констатирано по извршена проверка во административната алатка на ДКСК на поднесени Изјави за имотна состојба и интереси ).
Со Одлука бр.27-518/7 од 20.01.2022 година е именувана за член на Училишниот одбор на СУГС ----------- Скопје од страна на Советот на Град Скопје.
Горенаведените состојби се спротивни на член 44 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија„ број 12/2019), а казнив по член 105 став 1 алинеја 1 од истиот закон.
Согласно наведеното, ДКСК констатира дека од страна на лицето ----------- е сторен прекршок, по што согласно Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.96/2019) до именуваната достави Записник за констатиран

прекршок бр. 09-780/9 од 27.08.2025 година и беше понудена постапка за порамнување со издавање на Прекршочен платен налог бр. 09-780/10 од 27.08.2025 година. Исто така со Доставувањето на записникот и прекршочниот платен налог и укажа на именуваната дека констатираната состојба на повреда на забраната за вршење на други дејности, може да се надмине единствено со откажување од извршувањето на една од двете функции: член на Училишниот одбор на СУГС ----------- – Скопје или од функцијата претседател на Управниот одбор на Финдот за пензиско и инвалидско осигурување – Скопје.

Во законски предвидениот рок, службеното лице ----------- до ДКСК достави доказ од електронска уплатница ПП50 за извршена уплата на предвидената глоба во износ од 9.224,00 денари и до ДКСК достави доказ Барање за разрешување од член на Училишен одбор од СУГС ----------- – Скопје доставено до Советот на град Скопје на ден 11.09.2025 година.

ДКСК при повторна проверка од релевантни институции констатираше дека лицето е разрешено од функцијата претседател на Управниот одбор на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување – Скопје од страна на Владата на РСМ со Решение за разрешување и именување на член на Управен одбор со бр. 14-11125/2 од 12.11.2024 година. Понатаму, лицето е именувано за Претседател на Управен одбор на Фондот за здравствено осигурување на РСМ со Решение бр.14-11691/1 од 12.11.2024 година од страна на Владата на РСМ.

Во административната алатка на ДКСК на поднесени Изјави за имотна состојба и интереси бр. А.0801-2698 од 11.09.2025 година, лицето има пријавено престанок од функцијата претседател на Управниот одбор на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување – Скопје и видно од истото е дека функцијата престанала на 12.11.2024 година но не е направена промената.

Горенаведените состојби се спротивни на член 82 став 1 и 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија„ број 12/2019), а казнив по член 109 став 1 алинеја 1 и 2 од истиот закон.

ДКСК повторно констатираше дека од страна на лицето ----------- е сторен прекршок, по што согласно Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.96/2019) до именуваната достави два Записника за констатиран прекршок бр. 09-780/18 и 09-780/20 од 29.12.2025 година и беше понудена постапка за

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

порамнување со издавање на два Прекршочни платни налози бр. 09-780/19 и 09-780/21 од 29.12.2025 година.

Во законски предвидениот рок, службеното лице ----------- ја извести Државната комисија со доказ за извршената уплата на предвидените глоби и при повторна проверка во својата евиденција за избор, именување и престанок лицето има поднесено Изјава за имотна состојба и интереси со бр. А.0801-2281/1 од 20.04.2026 година за именување на функцијата член на Управен одбор на Фондот за здравствено осигурување на РСМ.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: м-р Б.К – виш соработник
Контролирал: К.З – раководител на сектор
Одобрил: З.Б. – член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk